Јавно претпријатие за управување и заштита на повеќенаменското подрачје "ЈАСЕН"
Бр. 05 - 327/1
12.05 2025 год.
СКОПЈЕ

Друштво за трговија и услуги
ФРИГОТЕРМ ТРЕЈД ДООЕЛ
Бр. 03-116-25
12-05 2025 год.
СКОПЈЕ

# Д О Г О В О Р

за јавна набавка на услуги – одржување и поправка на фрижидери и разладни комори во објектите на Јавното претпријатие за управување и заштита на повеќенаменското подрачје "ЈАСЕН" - Скопје

Склучен помеѓу:

1. **Јавно претпријатие за управување и заштита на повеќенаменското подрачје "ЈАСЕН"- Скопје**, со седиште на ул. 11-ти Октомври бр. 23 а, 1000 Скопје, застапувано од в.д. Директорот Ангеле Сотировски, во натамошниот текст како **договорен орган** и
2. **Друштво за трговија и услуги ФРИГОТЕРМ Трејд ДООЕЛ Скопје, ЕМБС 6143989,** со седиште на ул. Александар Урдаревски бр. 5, 1000 Скопје, со даночен бр. 4030006605223, застапувано од управителот Сашо Мијаковски од Скопје, во натамошниот текст како **носител на набавката**.

## I. ПРЕДМЕТ НА ДОГОВОРОТ

**Член 1**

Предмет на овој договор е набавка на услуги – одржување и поправка на фрижидери и разладни комори во објектите на Јавното претпријатие за управување и заштита на повеќенаменското подрачје "ЈАСЕН" - Скопје, според тендерската документација и прифатената понуда од страна на договорниот орган по спроведената постапка за јавна набавка од мала вредност со објавување на оглас преку ЕСЈН бр. 07540/2025 од 28.04.2025 година.

## II. ВРЕДНОСТ НА ДОГОВОРОТ

**Член 2**

Вкупната вредност на набавката од овој договор изнесува 98.000,00 денари без пресметан данок на додадена вредност.

Вкупниот данок на додадена вредност на оваа јавна набавка изнесува 17.640,00 денари.

Вкупната вредност на набавката со вклучен данок на додадена вредност изнесува 115.640,00 денари.

Договорниот орган не се обврзува да ја исполни целосната сума предвидена со овој договор.

## III. РОК НА ВАЖНОСТ НА ДОГОВОРОТ

**Член 3**

Договорот се склучува за период од една година од денот на неговото потпишување од двете договорни страни или до извршување на вредноста на договорот .

## IV. НАЧИН, УСЛОВИ И РОКОВИ НА ПЛАЌАЊЕ

**Член 4**

Договорните страни се согласни плаќањето на цената од член 2 од овој договор да се изврши на следниот начин: вирмански врз основа на доставена фактура, во рок од 60 дена од приемот на фактурата по извршени набавки.

Носителот на набавката фактурата заедно со испратницата ги доставува во дирекцијата на договорниот орган на адреса: ЈПУЗПП "Јасен" - Скопје, ул. 11-ти Октомври, бр. 23А, 1000 Скопје.

## V. РОК И НАЧИН НА ИЗВРШУВАЊЕ

**Член 5**

Набавката ќе се извршува сукцесивно, по потреба и на повик од страна на договорниот орган, со посета на објектите кои се наоѓаат во ЈПУЗПП ЈАСЕН од страна на носителот на набавката со сопствено возило.

Носителот на набавката е должен да ги врши услугите предмет на договорот во траење од една година од денот на потпишување на договорот. За секоја одделна сукцесивна набавка носителот на набавката е должен да го отстрани дефектот, односно да пристигне на местото каде е пријавено дека е потребна интервенција за најмногу 12 часа од моментот на пријавувањето на дефектот од страна на договорниот орган.

За секој сменет дел, носителот на набавката е должен да ја приложи оригиналната фактура од набавката на делот. При тоа, носителот на набавката може да додаде провизија од најмногу 10% од износот на приложената фактура.

Носителот на набавката е должен да прави шестмесечни редовни превентивни прегледи на комплетната ладилна опрема. Предвидено е да има 3 вакви редовни превентивни прегледи и тоа: првиот веднаш по потпишувањето на договорот за јавна набавка, вториот по шест месеци и третиот еден месец пред истекот на договорот за јавна набавка.

Не се предвидува корекција на цените, односно цените искажани во понудата на носителот на набавката ќе бидат фиксни за целото времетраење на договорот за јавна набавка, освен за деловите кои се предвидени во тендерската документација, чија цена може да претрпи промени до 10%. За дел кој се вградува а не е на листата на делови во техничката спецификација, носителот на набавката задолжително доставува фотокопија од фактурата како доказ за набавната вредност за тој дел, доколку е набавен на домашен пазар, односно царинска декларација доколку се работи за дел увезен од странство.

## VI. УСЛОВИ ЗА РАСКИНУВАЊЕ НА ДОГОВОРОТ

**Член 6**

Кога една од договорните страни нема да ја исполни својата обврска, другата договорна страна може да бара исполнување на обврските или да го раскине договорот, а во секој случај има право на надомест на штетата..

**Член 7**

Кога договорната страна нема да ја исполни својата обврска во определениот рок, другата договорна страна мора да и остави примерен дополнителен рок за исполнување на обврската.

Овој Договор може да се раскине и пред истекот на времето и исполнување на износот на кој е склучен ако:

- Носителот на набавката неоправдано ги зголемил цените,
- Носителот на набавката не ги извршува побаруваните услуги;
- од било кои причини престане потребата кај договорниот орган од предметна набавка од член 1 од овој Договор и во други случаи утврдени со закон.

**Член 8**

Договорната страна која поради неисполнување на договорните обврски го раскинува договорот должна е тоа писмено да и го соопшти на другата договорна страна без одлагање по писмен пат.

## VII. КАЗНЕНИ ОДРЕДБИ

**Член 9**

Договорните страни се согласни доколку носителот на набавката не ја изврши услугата предмет на набавката по истекот на 12 часа од денот на пријавувањето на дефектот, должен е да му плати на договорниот орган договорна казна во висина од 3% од вкупната вредност на поединечната набавка, за секој ден на доцнење.

Договорната казна не може да надмине 5% од вкупната цена определена со член 2 од овој договор.

Наплатата на договорната казна носителот на набавката не го ослободува од одговорност да плати претрпена штета на договорниот орган за неизвршена испорака.

## VIII. ОПШТИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

**Член 10**

За правата и обврските кои не се регулирани со овој договор, а се во врска со неговото исполнување, ќе се применува Законот за облигациони односи.

**Член 11**

Ниту една од договорните страни нема да биде одговорна за неисполнување на обврските од овој Договор до кое би дошло заради виша сила. Ако една од договорните страни е спречена заради виша сила должна е во рок од 24 часа писмено да ја извести другата страна, со наведување на причините за вишата сила и по можност обезбедување на соодветен доказ.

По отстранување на вишата сила Договорот може да се реализира по потреба со заеднички прифатено дополнување или да се раскине договорно.

**Член 12**

Договорните страни можат да ги дополнат и/или изменат одредбите од овој договор само спогодбено, склучување на Анекс на Договорот.

Договорната страна која бара измена и/или дополнување е должна своето барање до другата страна да го достави во писмена форма.

Дополнувањата и измените на овој договор се важечки ако се направени во писмен облик и согласно позитивните законски прописи во Република Македонија, како и Законот за јавни набавки.

**Член 13**

Сите евентуални спорови кои би произлегле од овој Договор а кои договорните страни не би можеле да ги решат спогодбено, ќе ги решава надлежниот суд во Скопје.

**Член 14**

Овој Договор е составен во 2 (два) еднакви примероци, од кои по 1 (еден) примерок задржува секоја договорна страна.

| ДОГОВОРЕН ОРГАН: | НОСИТЕЛ НА НАБАВКАТА: |
|---|---|
| ЈПУЗПП ЈАСЕН | ФРИГОТЕРМ Трејд ДООЕЛ Скопје |
| в.д. Директор | Управител |
| Ангеле Сотировски | Сашо Мијаковски |